РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
Одделение за урбанистичко планирање
Бр.28-3/1735 од 14.04.2026 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 63 став (11) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25) Општина Гази Баба – Скопје објавува

**ОГЛАС за ЈАВНО ИЗЛАГАЊЕ на**
**Проектна програма за изработка на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 7.36 и ГП 7.37, од ДУП за ГЧ ЦС 11, Блок 07, Општина Гази Баба, Скопје (донесен со Одлука бр.09-4439/19 од 17.11.2015) со намена А2-Домување во станбени згради**

Во согласност член 63 став (10) од цитираниот Закон, Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот со Решение бр.08-3855/2 од 04.10.2024 година, достави Известување со бр.28-3/3936/4 од 16.12.2025 година до непосредните соседи од соседните градежни парцели и останатите сопственици во проектниот опфат, вкупно 170 препорачани пратки со доставници.

Во согласност со член 63 став (11) од Законот, 94 доставници се вратија во Општината со доказ за извршен прием, 73 се вратија со доказ за неизвршен прием на препорачаната пратка и 3 се со адреса на живеење во странство. Врз основа на таквата фактографија ги известуваме непосредните соседи од соседните градежни парцели, односно останатите сопственици во проектниот опфат што не се баратели на предметната промена на градежните парцели ГП 7.36 и ГП 7.37, од ДУП за ГЧ ЦС 11, Блок 07, Општина Гази Баба, Скопје, за намерата на барателите за промена на границите на градежната парцела од деталниот урбанистички план односно за ГП 7.36 да се одреди нова диспозиција на површината за градење и организација на внатрешниот сообраќај и инфраструктурите во проектниот опфат, додека за ГП 7.37 површината за градење да се задржи истата како од постојниот ДУП, бидејќи согласно истиот добиено е одобрение за градење со бр.УП1Бр.28-8/2022 од 06.04.2022 год. за објект кој е во завршна фаза на реализација.

Предметниот проектен опфат (ГП 7.36 и ГП 7.37) е дефиниран со претходно одобрена планска документација – детален урбанистички план, и тоа: Детален Урбанистички План за Градска Четврт ЦС 11, Блок 07, Општина Гази Баба, Скопје (донесен со Одлука бр.09-4439/19 од 17.11.2015).

**Јавното излагање ќе се одржи во просториите на Општина Гази Баба, барака 8 (голема сала) на 20.04.2026 година, од 10 до 12 часот и во закажаниот термин заинтересираните физички и правни лица можат да доставaт приговори на Проектната програма.**

Огласот за организирање на јавно излагање на цитираната Проектна програма ќе се објави на веб страната на Општина Гази Баба - Скопје www.gazibaba.gov.mk и во информацискиот систем е-урбанизам.

Прилог: табеларен преглед од непосредните соседи со доказ за неизвршен прием на пратката.

Изготвил:
Катерина Велков, диа

Раководител на сектор

Александар Јанакиески, диа